# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Среда Мај 2023 година Број 8/2023 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 4023005116486 |
| --- | --- | --- |


Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Заклучок за прифакање на
Иницијатива за изготвување на
физибилити студија за воспоставување на
јавно приватно партнерство од областа на
енергетиката
(фотоволтаични централи)

Го прогласувам и објавувам заклучокот за прифакање на Иницијатива за изготвување на физибилити студија за воспоставување на јавно приватно партнерство од областа на енергетиката(фотоволтаични централи), бр.08-789/1

што советот на Општина Радовиш го донесе на седница одржана на 27.04.2023 година.

Број 09-789/2 Градоначалник
Дата 03.05.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) а согласно член 21 став 1 точка 35 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XXVIII седница одржана на 27.04.2023 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за прифакање на Иницијатива за
изготвување на физибилити студија за
воспоставување на јавно приватно
партнерство од областа на енергетиката
(фотоволтаични централи)

I. Се прифака иницијативата за изготвување на физибилити студија за воспоставување на јавно приватно партнерство од областа на енергетиката (фотоволтаични централи) бр.09-164/67 од 24.04.2023 година.

II. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Радовиш.

Број 08-789/1 Совет на општина Радовиш
Дата 27.04.2023 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за ослободување од
партиципација на 1 (едно) дете Ром во
ЈОУГД “Ацо Караманов” - Радовиш

Ја прогласувам и објавувам одлуката за ослободување од партиципација на 1 (едно) дете Ром во ЈОУГД "Ацо Караманов" - Радовиш, бр.08-790/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 27.04.2023 година.

Број 09-790/2 Градоначалник
Дата 03.05.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.05/02) член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш (Службен гласник бр. 05/02) ,

Советот на општина Радовиш, на XXVIII седница одржана на ден 27.04.2023 година ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
за ослободување од партиципација на 1 (едно) дете Ром во
ЈОУГД "Ацо Караманов" - Радовиш

**Член 1**

Се усвојува Барањето бр.08-37/19 од 25.04.2023 година од ЈОУГД "Ацо Караманов" – Радовиш за ослободување од партиципација на 1 (едно) дете Ром во тековната 2022/2023 година, согласно препорака од Влада на Република Северна Македонија (Нацрт-записник од 103та седница на Влада на РСМ, број на допис 41-10374/5 од 25.11.2022 година) и Договор за соработка за поддршка на проектот "Инклузија на деца роми во јавните општински установи-детски градинки" во Република Северна Македонија бр.03-83 од 27.02.2023 година.

**Член 2**

Финансиските средства ќе бидат подмирени преку општина Радовиш од блок дотации добиени од Министерството за труд и социјална политика.

**Член 3**

Одлуката влегува на сила наредниот ден од објавувањето во Службен гласник на општина Радовиш.

Број 08-790/1 Совет на општина Радовиш
Дата 27.04.2023 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за измена на одлука за
извршување на Буџетот
на Општина Радовиш за 2023 година

Ја прогласувам и објавувам одлуката за измена на одлука за извршување на Буџетот на Општина Радовиш за 2023 година, бр.08-791/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 27.04.2023 година.

Број 09-791/2 Градоначалник
Дата 03.05.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите ("Службен весник на Република Македонија" број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21), член 93 став 2 од Законот за административните службеници ("Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено - поправните и воспитно - поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 51/20, 172/21), одредбите на Колективниот договор на Општина Радовиш бр. 03-1619/1 од 25.10.2022 год., член 43 од Статутот на Општина Радовиш ("Службен гласник на Општина Радовиш" бр. 5 од 2002 година) и Одлуката на Уставниот суд на Република Северна Македонија У. бр. 113/2022 ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 65/23)

Советот на Општина Радовиш на XXVIII седница одржана на 27.04.2023 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за измена на одлука за извршување на Буџетот на Општина Радовиш за 2023 година**

Член 1

Во Одлуката за извршување на буџетот на Општина Радовиш за 2023 година бр. 08-2010/1 од 28.12.2022 година (Службен гласник на општина Радовиш бр. 21/2022) се врши измена и дополнување на начин што:

- член 9 став 1 точка 1 се менува и гласи: "избраните и именуваните лица бруто платата ќе се исплатува согласно утврдениот коефициент по закон, односно 2,9 применет на основица од 47.637 денари (просечна исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика)" и ќе се применува од 23.03.2023 година.
- Член 18 се менува и гласи: "Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во Општината и локалните јавни установи ќе се врши од Програма - Градоначалник - Д0, односно Н1 и Н2 образование, односно В1 социјална заштита и заштита на деца, односно од Програмата во која се планирани средствата за исплата на оваа намена, во висина од две основици од просечната месечна нето плата во Република Северна Македонија исплатена во претходната година[1].

Во случај на смрт на вработен во Општината и локалните јавни установи на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од 30.000 денари, во случај на смрт на член на потесно семејство на вработениот му припаѓа парична помош во висина од

15.000 денари, а исплатата ќе се врши од Програма - Градоначалник - Д0, односно Н1 и Н2 образование, односно В1 социјална заштита и заштита на деца, односно од Програмата во која се планирани средствата за исплата на оваа намена, расходно конто 464990 - Разни трансфери.

Исплатата на надоместоците од претходните ставови на овој член ќе се врши врз основа на претходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на Градоначалникот, односно директорот на локалната јавна установа".

Член 2

Оваа Одлука за Измена на одлуката за извршување на буџетот влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на општина Радовиш.

[1] Член 39 од Колективен договор на општина Радовиш бр. 03-1619/1 од 25.10.2022 година.

Број 08-791/1 Совет на општина Радовиш
Дата 27.04.2023 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Решение за разрешување член
во постојаните комисии при
Советот на Општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам решението за разрешување член во постојаните комисии при Советот на Општина Радовиш, бр.08-792/1

што советот на Општина Радовиш го донесе на седница одржана на 27.04.2023 година.

Број 09-792/2 Градоначалник
Дата 03.05.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), член 21 став 1 точка 38, член 27 и 28 од Статутот на општина Радовиш(Сл.весник на општина Радовиш бр.5/02),

Советот на Општина Радовиш на XXVIII седница одржана на 27.04.2023 година донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување член во постојаните
комисии при
Советот на Општина Радовиш

член 1

Се разрешува лицето Весна Конзулова од :
- член и Претседател на Комисијата за статут и прописи,
-член во Комисијата за култура, образование и спорт,
-член во Комисијата за еднакви можности на жените и мажите
-претставник од Советот на Општина Радовиш кој учествува во постапка за склучување на бракови.

член 2

Лицето од член 1 во решението се разрешува поради престанок на мандат

како член во Советот на Општина Радовиш.

член 3

Решението влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во "Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-792/1 Совет на општина Радовиш
Дата 27.04.2023 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Решение за разрешување членови во постојаните комисии при
Советот на Општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам решението за разрешување членови во постојаните комисии при Советот на Општина Радовиш, бр.08-793/1

што советот на Општина Радовиш го донесе на седница одржана на 27.04.2023 година.

Број 09-793/2 Градоначалник
Дата 03.05.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), член 21 став 1 точка 38, член 27 и 28 од Статутот на општина Радовиш(Сл.весник на општина Радовиш бр.5/02),

Советот на Општина Радовиш на XXVIII седница одржана на 27.04.2023 година донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување членови во постојаните комисии при
Советот на Општина Радовиш

член 1

Се разрешува членот во Советот на Општина Радовиш Страхил Гавритов од Претседател во Комисијата за месна самоуправа и граѓански иницијативи

член 2

Се разрешува членот во Советот на Општина Радовиш Каролина Ристова од Претседател во Комисијата за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита.

член 3

Решението влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во "Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-793/1 Совет на општина Радовиш
Дата 27.04.2023 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Решение за именување членови во постојаните комисии при
Советот на Општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам решението за именување членови во постојаните комисии при Советот на Општина Радовиш, бр.08-794/1

што советот на Општина Радовиш го донесе на седница одржана на 27.04.2023 година.

Број 09-794/2 Градоначалник
Дата 03.05.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), член 21 став 1 точка 38, член 27 и 28 од Статутот на општина Радовиш(Сл.весник на општина Радовиш бр.5/02),

Советот на Општина Радовиш на XXVIII седница одржана на 27.04.2023 година донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за именување членови во постојаните комисии при Советот на Општина Радовиш

член 1

Се именува членот од Советот на Општина Радовиш Страхил Гавритов за член и претседател во Комисијата за статут и прописи.

член 2

Се именува членот од Советот на Општина Радовиш Лујза Спасова за член во Комисијата за култура, образование и спорт.

член 3

Се именува членот од Советот на Општина Радовиш Илија Сусинов за Претседател во Комисијата за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита.

член 4

Се именува членот од Советот на Општина Радовиш Лујза Спасова за член и претседател во Комисијата за месна самоуправа и граѓански иницијативи.

член 5

Се именува членот од Советот на Општина Радовиш Лујза Спасова за член во Комисијата за еднакви можности на жените и мажите.

член 6

Се именува членот од Советот на Општина Радовиш Лујза Спасова за претставник од советот во постапката за склучување на брак.

член 7

Решението влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Службен гласник на општина Радовиш”

Број 08-794/1 Совет на општина Радовиш
Дата 27.04.2023 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за давање согласност на Програми за изведување на еднодневна, дводневна и тридневна екскурзија во учебната 2022/2023 година на учениците од трето, шесто и деветто одделение од ООУ„ Коста Рацин” с.Подареш, Радовиш

Ја прогласувам и објавувам одлуката за давање согласност на Програми за изведување на еднодневна, дводневна и тридневна екскурзија во учебната 2022/2023 година на учениците од трето, шесто и деветто одделение од ООУ„ Коста Рацин” с.Подареш, Радовиш, бр.08-795/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 27.04.2023 година.

Број 09-795/2 Градоначалник
Дата 03.05.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XXVIII седница одржана на 27.04.2023 година донесе:

О Д Л У К А
за давање согласност на Програми за изведување на еднодневна, дводневна и тридневна екскурзија во учебната 2022/2023 година на учениците од трето, шесто и деветто одделение од ООУ„ Коста Рацин” с.Подареш, Радовиш

член 1

Се давање согласност на Програми за изведување на еднодневна, дводневна и тридневна екскурзија во учебната 2022/2023 година на учениците од трето, шесто и деветто одделение од ООУ„Коста Рацин” с.Подареш, Радовиш бр.03-73/1, 03-73/2 и 03-73/3 од 20.03.2023 година.

член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Радовиш”.

Број 08-795/1 Совет на општина Радовиш
Дата 27.04.2023 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за усвојување на ПРОЦЕНА на загрозеност од природни непогоди и други несреќи (за објект на ЕЛС Општина Радовиш) и ПРОЦЕНА на загрозеност од природни непогоди и други несреќи (за објект на ЕЛС Општина Радовиш)

Ја прогласувам и објавувам одлуката за усвојување на ПРОЦЕНА на загрозеност од природни непогоди и други несреќи (за објект на ЕЛС Општина Радовиш) бр.08-796/1 и ПРОЦЕНА на загрозеност од природни непогоди и други несреќи (за објект на ЕЛС Општина Радовиш), бр.08-796/2

што советот на Општина Радовиш ги донесе на седница одржана на 27.04.2023 година.

Број 09-796/3 Градоначалник
Дата 03.05.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на Член 8 од Законот за Управување со кризи („Сл. весник на Република Македонија (бр.29/2005 и 36/2011) и член 11 став 4 од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11), а согласно Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Сл. весник на РМ бр. 76/06), член 21 став 1 точка 11 и член 22 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XXVIII седница одржана на 27.04.2023 година донесе:

О Д Л У К А
за усвојување на ПРОЦЕНА на загрозеност од природни непогоди и други несреќи
(за објект на ЕЛС Општина Радовиш)

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи во Општина Радовиш (за објект на ЕЛС Општина Радовиш) .

Член 2

Примерок од Одлуката да се објави на огласна табла.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Радовиш”.

Број 08-796/1 Совет на општина Радовиш
Дата 27.04.2023 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 8 од Законот за Управување со кризи („Сл. весник на Република Македонија (бр.29/2005 и 36/2011) и член 11 став 4 од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11), а согласно Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Сл. весник на РМ бр. 76/06), член 21 став 1 точка 11 и член 22 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XXVIII седница одржана на 27.04.2023 година донесе:

# П Р О Ц Е Н А
## на загрозеност од природни непогоди и други несреќи

## (за објект на ЕЛС Општина Радовиш

**С О Д Р Ж И Н А :**

I. Општи карактеристики

II. Процена по видови назагрозеност

III. Потреби и можности за организација и раководење со заштити и спасување

IV. Оспособеност на ЕЛС Општина Радовиш за заштита и спасување

V. Оспособеност на вработените за заштита и спасување

VI. Заклучок

**В О В Е Д**

Процена на загрозеност претставува квалитативна и квантитативна анализа на податоците за рано превентирање, можни ризици и опасности за настанување на природни непогоди и други несреќи, со предвидување на можни последици од истите, предложен степен на заштита од опасностите и предлог за превентивни и други мерки за заштита и спасување.

Начинот на проценување на опасностите вово случај на природни непогоди, епидемии и други несреќи се засновува на реални процени на можната загрозеност на вработените, објектите и инфраструктурата при што се поаѓа од најтешките варијанти и можни предвидувања за природни непогоди епидемии и други несреќи, можностите за примена на мерките за заштита, расположивите сили за спасување на вработените и материјалните добра, како и отстранување на последиците од природните непогоди, епидемии и други несреќи.

## I. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ

### 1. Дејност и нејзино влијание на можноста за предизвикување на природни непогоди и други несреќи

ЕЛС Општина Радовиш врши самостојно уредување и вршење на работи од јавен интерес од локално значење,утврдени со закон и е одговорна за нивното извршување. Со закон со кој се утврдуват и други надлежности на општината, се определуват и изворите на финансирање за вршење на тие надлежности.

ЕЛС Општина Радовиш како институција која ги врши горенаведените дејности со својата работа, не може да предизвика поголеми несреќи во текот на дејноста, освен релативна можност за настанување на пожар.

### 2. Влијание на несреќите и непогодите во обавувањето на дејноста

Природните и други непогоди можат да предизвикаат негативни последици во обавување на дејноста. Како последица на земјотреси, пожари, експлозии и други несреќи може да дојде до појава на урнатини, прекини на довод на електричната енергија и телефонски врски, како и влошување на условите за работа поради опожарените простории, дефекти на водоводна и канализациона мрежа. Во потешки случаи може да дојде до појава на повредени вработени и странки па дури и човечки загуби.

Појавата на епидемии на заразни болести може да предизвика намалување на бројот на вработените во поедини ситуации,поради внимателност, може да дојде до прекинување на работата заради спречување на ширењето на болести.

Сите овие причини можат да доведат до тешкотии во вршење на дејноста, а во потешки случаи и до повремени или поголеми прекини, па и до целосен прекин во обавување на дејноста или до дислокација на работните простории.

### 3.Број на вработени

ЕЛС Општина Радовиш согласно систематизацијата на работни места е составена од :

*- Градоначалник*
*Секретар*
*Сектор за нормативно-правни и јавни дејности и општи работи*
*Сектор за урбанизам, животна средина, комунални работи и ЛЕР*
*Сектор за финансирање и буџет*
*Сектор за инспекциски надзор-инспекторат*

Во самиот објект на ЕЛС Општина Радовиш, се сместени освен општинската администрација и вработени во подрачни служби на неколку министерства, што добива сложен карактер во однос на ефикасно вршење на заштита и спасување при појава на природни непогоди и несреќи.

*Општинската администрација брои 64 вработени, во редовен работен однос и околу 41 лице вработено во подрачните служби.*

### 4. Податоци за капацитет

Објектот во кои е сместена ЕЛС Општина Радовиш има приземје, прв и втор кат и располага со следните капацитети:

- 54 Канцеларии (27 се во владение на ЕЛС)
- 1 Сала на Совет на општина
- 1 Сала за состаноци
- 2 Магацина (чување на архивска граѓа и техничка опрема)

2 Кујни (бифе)
6 Санитарни јазли
2 Пријавници (1 е на СОЗР)
Подрумски простор каде е сместено сопствено парно греење
Паркинг простор (пред и зад објект)

**4. Густината на изграденост на објектите и нивната карактеристика и важност за заштита од природни непогоди и други несреќи**

Објектот на ЕЛС Општина Радовиш се наоѓа на локација на бул.„Александар Македонски” Бр.7.

Објектот е од тврда градба и не постои голема опасност од негово уривање и оштетување на соседни објекти.

Објектот граничи од југоисточна страна со главна улица-булевар, од северна страна паркинг простор, од југозападна страна станбен комплекс и од североисточна страна со простории на МВР-ПС Радовиш и улица и освен од североисточна страна, останатото не претставува опасност од пренесување на пожар од објект на објект.

**5. Сообраќајна инфраструктура**

Објектот на ЕЛС Општина Радовиш на ул.бул.„Александар Македонски” Бр.7 се наоѓа пред главна улица (булевар) од југоисточна страна, располага со паркинг простор од двете страни и може непречено да се извршува евакуација, пристап на противпожарни возила, возила на брза помош и други возила за евакуација и пружање помош.

**II. ПРОЦЕНА ПО ВИДОВИ НА ЗАГРОЗЕНОСТ**

**1. Загрозеност од земјотреси, урнатини**

Територијата на општина Радовиш не спаѓа во загрозените подрачја од земјотреси и не се предвидуваат земјотреси со разорни ефекти, но можни се тектонски движења со помал интензитет.

Според Сеизмолошкиот Завод Скопје и Геолошката карта, градот Радовиш е лоциран на ридско-планинска и рамничарска површина.

Сеизмогените извори од трет ред го вклучуваат и подрачјето на општина Радовиш. Тоа се подрачја во кои е регистрирана слаба сеизмичка активност, но врз база на тектонските параметри истите претставуваат потенцијални жаришта. Оваа групација на сеизмогени извори се одликува со појава на послаба сеизмичка активност, која се карактеризира со магнитуда на потреси од М=4,0 - 4,5.

Без разлика што во последните сто години на подрачјето на општина Радовиш, се нема случено земјотрес со катастрофални последици, во периодот после Скопскиот земјотрес (1963г.), а врз основа на измените во законската регулатива за проектирање и градење на објекти, се градат асеизмички проектирани објекти, со цел да се ублажат можните последици од евентуални земјотреси.

Објектот на ЕЛС Општина Радовиш е од тврда градба и во случај на земјотрес , можни се мали оштетувања и постои опасност оштетувањето да се пренесе на соседниот објект, просториите на МВР-ПС Радовиш, блокирање на улици и евентуални човечки жртви.

Во случај на посилен земјотрес, вработените и надворешни лица кои се

затекнале во општинските простории, потребно е да не паничат односно да застанат до носечките ѕидови, под биро, под рамка на врати, подалеку од прозорци и полици и шкафови или да го напуштат објектот, полека движејќи се строго лево или десно по скали до излезот, односно безбедното место.

2. **Загрозеност од снежни намети, лавини и луњи**

Снежните намети, лавини и луњи, како природни мететролошки појави во зимскиот период предизвикуваат различни пореметувања на секојдневните активности на граѓаните и вработените во Општина Радовиш. Овие природни непогоди би предизвикале отежнато одвивање на локалниот сообраќај, физичко отежнување на надземните водови и преносната електрична мрежа, а со тоа и отежнато извршување на дејноста и секојдневните обврски на вработените.

Според статистичките податоци просечниот број на денови со снежна намети во Радовиш изнесува најмногу 10-13 дена во зимскиот период, снежни врнежи кои би можеле да предизвикаат големи наноси од снег,а со тоа и затрупување на улиците и главните комуникации, а посебно потесниот центар на градот.

Основна задача за расчистување од снежни намети,Општина Радовиш ја доделува на ЈКП„Плаваја" Радовиш кои располагаат со потребна механизација и средства, но редовно се склучуват и Договори со рудниците „Бучим" и „Боров Дол"– Радовиш за употреба на нивната расположлива механизација и ресурси, во случај на отстранување на екстремни последици од снежни намети.

3. **Загрозеност од пожари и експлозии**

Според градбата и содржината на објектот постои опасност од избувнување на пожар и негово ширење. Доколку дојде до пожар, постои опасност од негово пренесување на друг објект бидејќи, објектот на МВР-ПС Радовиш е прилепен (споен) објект. Самиот процес на работа е таков да нема опасност од предизвикување на пожар, но сепак потенцијални опасности за предизвикување на пожар се:

- Неисправна електрична инсталација
- Грејни тела (клими)
- Електрична апарати (компјутери, апарати во кујна)
- Временски непогоди
- Човечко невнимание
- Глодари

При обавување на секојдневната дејност може да дојде до избувнување на пожар. Во случај на пожар на овој објект, неопходна е подготвеност и навремено дејствување доколку, се почувствува ширење на мирис и чад, заради брзо и ефикасно локализирање на пожарот и спречување на негово ширење. Заради извршување на овие активности се оспособува и обврзува пред се службата за обезбедување во институцијата, но исто така и ситвработени, кои имат должност да ги исклучат апаратите од напојување со електричната енергија, да започнат со гасење на пожар со ПП апарат, да повикат помош и да пружат помош на повредени и доколку дозволуват можностите да спасат дел од важна документација .

Последиците од пожар би се одразиле по целокупното работење на Општина Радовиш, бидејќи би се уништила дел или целокупна архива и сметководство, компјутерската мрежа, инвентарот односно сите податоци за институцијата.

**4. Загрозеност од епидемии на заразни заболувања**

Основна дејност на ЕЛС Општина Радовиш е вршење на работи од јавен интерес од локално значење за граѓаните на Радовиш, утврдени со закон и затоа постои потреба на престој на луѓе во поголем број,со цел решавање на лични потреби, па од тука може да се заклучи дека вработените спаѓаат во ризична група во општината како директно загрозени, но и како преносители на разни видови на заразни болести, па оттука мора да се превземаат константно одредени мерки за нивна здравствена заштита и редовни систематски прегледи ,следење и евиденција на нивната здравствена состојба и доколку се јави потреба, следење и постапување според наведни протоколи на работа од страна на здравствените органи во државата (пр.Ковид здравствена криза).

**5. Загрозеност од поплави и уривање на високи брани**

Проценка на загрозеност од дејство на поплавите на територијата на Општина Радовиш е резултат на географско-топографските карактеристики на самата општина, хидролошката состојба на реките и границите на речното корито, климатските особености и нивните нагли промени и наглото топење на планинските снегови, не представуваат поголема опасност за објектот на ЕЛС Општина Радовиш, на хидрантската и канализациона мрежа, неисправност на вентилите, пукање на хидрантската инсталација, затнување на одводните шахти и канали.

На подрачјето на општина Радовиш во категоријата високи брани е само хидројаловиштето Тополница. Во случај на прелевање, хаварија или ненадејно рушење, ќе бидат предизвикани големи последици кај населението и материјалните добра, каде директно е загрозено селото Тополница кое е лоцирно веднаш во подножјето на браната, како и ново формираната населба Дамјан. Следењето на состојбата со хидројаловиштето е во надлежност на рудник „Бучим" Радовиш.

**6. Загрозеност од РХБ контаминација**

Подрачјето на општина Радовиш не е директно загрозено од радиолошка контаминација од поголем обем, од причини што не се расплага со нуклеарни централи, кои при хаварија би предизвикале радиоактивно зрачење.

Хемиска контоминација на подрачјето на општина Радовиш, може да настане во случај на различни дефекти и оштетувања, неправилно ракување со средствата и постројките, несоодветна заштита на магацинските простори и резервоарите со хемиски запаливи средства, неконтролирано испуштање на хемиски отпад, неконтролирана употреба на пестициди и сообраќајни несреќи.

Во подрачјето на Радовиш има повеке субјекти кои во процесот на производство користат хемиски опасни материи (Рудник Бучим,Детонит, бензински пумпи и др.),во случај на хаварија предизвикани од природни непогоди и други несреќи како и во услови на војна, може да дојде до хемиска контаминација на воздухот, водата, почвата и секако на луѓето и материјалните добра.

Степенот на загрозеност од биолошка контаминација на подрачјето на општината, може да се каже дека не е високо, но сепак треба да се следат и преземат одредени еколошки мерки за заштита и спасување на граѓаните. Доколку се случи потреба од заштита од

ваков вид на контаминираност, најдобро решение се засолништата, но ако не постои можност да се дојде до нив, потребно е вработените да ги елиминират сите можности од влегување на опасни материи преку вратите, прозорците, клима уредите и повикување на стручни лица за прописно извршување на заштита.

## III. ПОТРЕБИ И МОЖНОСТИ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАКОВОДЕЊЕ СО ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес и согласно законот се организира како единствен систем за откривање и спречување на настанувањето и отстранувањето на последиците од настанатите природни непогоди и други несреки во мир и во војна.

ЕЛС Општина Радовиш со Одлука на Совет има формирано просторни сили за заштита и спасување. Формациски силите се организирани како универзални и специјализирани единици, во јачина на вод или одделение, а со нив раководи Штаб за заштита и спасување на општина Радовиш.

Меѓутоа, истите немат спроведено обука и не се опремени, поради потребата од обезбедување на високи финансиски средства за истото, затоа се нефункционални.

Заштита и спасување во случај на настанување на природни непогоди и други несреќи во институцијата, ќе се одвива паралелно од страна на ракувачот со Плановите за заштита и спасување, Општинскиот штаб за заштита и спасување и самите вработени кои се должни да се организират заедно со останатите лица кои се затекнале во просториите, преку обврската за самозаштита. Целта е да се овозможи штетите по човечкото здравје и материјални добра да биде што помало, преку доследно спроведување на законот за заштита и спасување како и законот за безбедност и здравје при работа.

## IV. ОСПОСОБЕНОСТ НА ЕЛС ОПШТИНА РАДОВИШ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Во општина Радовиш, единствена оспособена единица за потребите на заштитата и спасувањето е Територијално противпожарната единица.

ЕЛС Општина Радовиш нема формирано Одделение за заштита и спасување и управување со кризи, односно, следење и примена на прописите од областа на заштита и спасување, кризни состојби и функционална состојба на ТППЕ, ги врши административен службеник како единствен кадар, што го прави недоволно покриен овој дел и затоа потребно е да се обезбеди материјални и други соодветни можности, со цел подобра реализација на мерките, задачите и активностите кои се применуват во таа областа,кои се од големо значење за граѓаните.

ЕЛС Општина Радовиш располага со потребен број на ПП Апарати и хидранти, кои се одржуваат и сервисираат од страна на надлежна Служба за заеднички и општи работи при Влада на РСМ.

## V. ОСПОСОБЕНОСТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Оспособувањето на граѓаните и вработените се остварува преку организирани форми на оспособување. Во заштитата и спасувањето граѓаните можат да учествуваат преку здруженија на граѓани, хуманитарни и невладини организации.

Заради лична и колективна заштита, потребно е да се организираат обуки за оспособување на вработените, затоа што

моменталната оспособеност е на многу ниско ниво.
Единствено,во рамките на Законот за безбедност и здравје при работа и изработен Елаборат за проценка и ризик на работно место, ЕЛС Општина Радовиш располага со 5 лица, кои имаат извршено практична обука за пружање на прва помош на работно место.

**VI. ЗАКЛУЧОК**

Природни непогоди и други несреќи можат да ја погодат секоја институција. Секако, најголем ризик е од избувнување на пожари, поплави и урнатини предизвикани од земјотреси. Интензитетот и големината на овие несреќи би зависеле пред се, од причината од која настанале како и можноста за ескалација со поголеми последици.

Во ЕЛС Општина Радовиш се спроведуваат контроли и сервисирање на противпожарните апарати, исправноста на хидрантите, водоводната мрежа и електрична инсталација. Објектот не е многу висок, така што во случај на пожар, не би требало да има поголеми последици по луѓето, повеќе акцент би требало да се стави на големината на материјалната штета.

Редовно се спроведуваат здравствени прегледи на вработените, со цел да се намали можноста од зарази и епидемии, но овие мерки не можат во потполност да ги исклучат и наведените влијанија.

Оваа процена влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Радовиш".

Број 08-796/2 Совет на општина Радовиш
Дата 27.04.2023 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,
Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за усвојување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи (за објект на ЕЛС Општина Радовиш) и План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи
(за објект на ЕЛС Општина Радовиш)

Ја прогласувам и објавувам одлуката за усвојување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи (за објект на ЕЛС Општина Радовиш) бр.08-797/1 и План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи(за објект на ЕЛС Општина Радовиш), бр.08-797/2

што советот на Општина Радовиш ги донесе на седница одржана на 27.04.2023 година.

Број 09-797/3 Градоначалник
Дата 03.05.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на Член 8 од Законот за Управување со кризи („Сл. весник на Република Македонија (бр.29/2005 и 36/2011) и член 11 став 4 од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11), а согласно Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Сл. весник на РМ бр. 76/06), член 21 став 1 точка 11 и член 22 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XXVIII седница одржана на 27.04.2023 година донесе:

О Д Л У К А

за усвојување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи
(за објект на ЕЛС Општина Радовиш)

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува План за заштита од природни непогоди и други несреќи на Општина Радовиш( за објект на ЕЛС Општина Радовиш).

Член 2

од Примерок Одлуката да се објави на огласна табла.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Радовиш".

Број 08-797/1 Совет на општина Радовиш
Дата 27.04.2023 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 8 од Законот за Управување со кризи („Сл. весник на Република Македонија (бр.29/2005 и 36/2011) и член 11 став 4 од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11), а согласно Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Сл. весник на РМ бр. 76/06), член 21 став 1 точка 11 и член 22 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XXVIII седница одржана на 27.04.2023 година донесе:

**ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ**

**(за објект на ЕЛС Општина Радовиш)**

.

**СОДРЖИНА**

1.План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи:

1.1.Подготвеност на силите за заштита и спасување

1.2.Мобилизација на силите за заштита и спасување

1.3.Ангажирање на силите за заштита и спасување

1.3.1.Заеднички документи

- План за евакуација
- План за заштита и спасување од пожари
- План за прва медицинска помош

**1.1 Подготвеност на силите за заштита и спасување**

**А) Мерки за подготвеност во Прв степен на загрозеност**

1.Ажурирање на Планот за заштита и спасување

Проценaта на загрозеност на ЕЛС Општина Радовиш од природни непогоди и други несреќи се ажурира 1-2 пати во годината, според тоа и Планот за заштита и спасување се ажурираат 1-2 во годината, но доколку има одредени измени во организациона или оперативна насока, документите подлежат на ажурирање веднаш по утврдените измени.

2. Воведување на постојано дежурство во ЕЛС општина Радовиш

Во зависност од обемот и времетраењето на опасноста што го има зафтено подрачјето или ЕЛС Општина Радовиш, градоначалникот со Наредба, воведува постојано дежурство на вработените во ЕЛС Општина Радовиш. Поради настанатата ситуација предизвикана од природна непогода или друга несреќи, а врз основа на чл.22 т.10 од Законот за локална самуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и чл.35 т.2, т.5 и т.6 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.93/12 и бр.86/2008), Градоначалникот на ЕЛС општина Радовиш, донесува по примерот

Н А Р Е Д Б А
за воведување на постојано дежурство

Се воведува постојано дежурство на вработените во ЕЛС општина.
Дежурството ќе се дава во просториите на ЕЛС општина Радовиш, по определен редослед.
Во работните денови, дежурството ке започнува од 16,30 часот, а секој ке дежура по 4 часа. Во неработните денови ке се дежура 24 часа.
Наредбата стапува во сила веднаш по донесувањето.

ЕЛС општина Радовиш
Градоначалник
______________

3.Спроведување на мерките за безбедност

Безбедносните мерки ке бидат преземени и спроведени согласно законот, при спроведувањето на активностите, а во соработка со ПС Радовиш и ЈЗУ Здравствен дом Радовиш.
Сите учесници во спречувањето на настанувањето и отстранувањето на последиците од природните непогоди или други несреќи ке бидат посебно предупредени да внимаваат на личната и колективната безбедност.

4. Прекинување на годишните одмори на вработените во ЕЛС општина Радовиш,особено на членови на Општински Штаб за заштита и спасување и ТППЕ Радовиш, доколку се јави потреба од истото.

**Б) Мерки за подготвеност во Втор степен на загрозеност**

1.Целосна подготвеност на Општинскиот Штаб за заштита и спасување преку:
- Утврдување на опременост
- Утврдување (организирање ) основна обука

- Утврдување (организирање) на вежбовни активности

2.Уредување на објектите за заштита

Објектите за заштита на подрачјето на општина Радовиш, во поголем дел според уреденоста ги задоволуваат минимум условите за прифат, престој и живот на загрозеното население. И покрај тоа во градот Радовиш треба да се планираат интервенции за подобрување на уреденоста на објектите за заштита како што се : Спортски објекти, училишта, верски објекти, трговски друштва, јавни претпријатија, културни домови, угостителско-туристички објекти и др. Што се однесува до засолништата, постоечките објекти за заштита мора да се пополнат со опрема, редовно одржуваат и да се планираат и финансиски средства.

**В) Мерки за подготвеност во Трет степен на загрозеност**

Извршување на општа мобилизација на сите сили и средства за заштита и спасување. Општата мобилизација претставува правовремено , организирано и планско активирање на сите расположиви сили и средства за заштита и спасување на подрачјето на општината, заради извршување на задачите за заштита и спасување на населението, материјалните и други добра на загрозеното подрачје. Мобилизацијата на силите и средствата за заштита и спасување, според начинот на објавување и соопштување е јавна.

Наредбата за мобилизација за заштита и спасување ја издава Градоначалникот и тоа ја соопштува усмено. Врачувањето на поканите за мобилизација ,се врши преку средствата за врски и курирскиот систем.

**1.2 Мобилизација на силите за заштита и спасување**

Упатство за извршување на мобилизацијата

-Наредба за извршување на мобилизација ја издава Градоначалникот до Командантот односно Началник на општинскиот штаб за заштита и спасување ;

-Наредбата за мобилизација се соопштува усмено ;

-Преку средствата за врски и курирски систем се врачуваат поканите за мобилизација ;

-Мобилизацијата може да биде општа или делумна ;

-Командантот на штабот на просторните сили (доколку ги има) преку системот за врски и куририте на штабот со наредба ги мобилизира останатите членови на просторните сили за заштита и спасување ;

-Одредување на почеток на мобилизацијата и времетраењето на извршувањето на мобилизацијата (не подолго од 4 часа).

-Комбинирано преку системот за врски и куририте на штабот се пренесува наредбата за мобилизација по потреба до давателите на материјални средства за расчистување на последиците од настанатата несреќа.

-Организирање на мерки за :

-безбедност и самозаштита за време на мобилизацијата ;

-здравствено обезбедување за време на мобилизацијата ;

-преземање мерки за координација и соработка со јавните претпријатија, установи и служби, трговските друштва и државните органи ;

-воспоставување и одржување на врски со сите субјекти вклучени во мобилизацијата;

-известување за текот на мобилизацијата и

-други прашања, согласно настанатите состојби.

**О Д Л У К А**
**За именување на членови на Штаб за заштита и спасување на општина Радовиш**

За членови на Штабот за заштита и спасување на општина Радовиш се именуваат:

1. Ацо Ристов - Командант на Штабот
2. Љупче Почивалец - Началник на Штабот

Помошници на началникот:

3. Мане Манев - оперативни работи
4. Ванчо Ристов - прва медицинска помош
5. Игор Чапов - згрижување и евакуација
6. Игор Крстев - лице за технички мерки за ЗС
7. Васил Манев - лице за технички мерки за ЗС
8. Васе Здравков - ракувач со компјутери и со средства за врски
9. Боре Димитриев -курир
10. Ѓорги Димитров - возач

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Радовиш.

број 08-419/1
дата 28.Февруари 2022год.
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Заменик Претседател
Страхил Гавритов

## 1.3. Ангажирање на силите за заштита и спасување

ЕЛС општина Радовиш може да ги користи следниве расположливи ресурси:

**Општина Радовиш**

| Ред. број | Возила | | Камиони кипери/ цистерни | Градежна механизација | Други средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | теренски | патнички | | | |
| 1. | 2 | 3 | . /. | . /. | . /. |

**ТППЕ Радовиш**

| Ред. број | Број на пожарникари | Навални возила | Цистерни | Теренски возила |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 17 | 2 | 2 | 1 |

**ЈКП „Плаваја„ - Радовиш**

| Ред. број | Возила | | Камиони Цистерни/кипери | Градежна механизација | Други средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | теренски | патнички | | | |
| 1. | 1 | 2 | 7 | 4 | 4 |

**Трговски претпријатија со кои ЕЛС Општина Радовиш има склучен договор за соработка во случај на отстранување на последици од природни непогоди**

| Општина | Назив на трговско друштво | Ризик на предметен договор | Важност од-до | Контакт | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Лице за контакт | Телефон за контакт |
| Радовиш | ЈП ПЛавaja | -чистење на снег<br>-поплави,<br>-расчистување на урнатини<br>- лизгање на земјиште | 11.11.2022-11.11.2023 | Дејан Крстев | 032-635-323<br>070/763-616 |
| Радовиш | Рудник | -поплави,<br>-расчистување | | Петре Спасов | 072/251-697 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Бучим | на урнатини -свлечишта и лизгање на земјиште | 15.12.2022-15.12.2023 | Андов Ванчо Милан Свирков Тане Петров | 072/222-158 070/302-038 070/302-009 |
| Радовиш | Рудник Боров Дол | -поплави, расчистување на урнатини -свлечишта и лизгање на земјиште | 25.11.2022-25.11.2023 | Мите Павлов | 070/280-085 |

## 1.3.1 ПЛАН ЗА ЕВАКУАЦИЈА

## I. ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ПО МЕРКАТА-ЕВАКУАЦИЈА

С о д р ж и н а

1. Потсеник за употреба за план за евакуација
2. Превентивни мерки
3. Оперативни мерки (стандардна оперативна процедура)
4. Преглед на број на лица предвидени за евакуација
5. Преглед на собирни места
6. Преглед на материјали добра кои и се евакуираат
7. Преглед на МТС опременост
8. Скица-Шема за евакуација со постапка за евакуација

1. **Потсетник за употреба на планот за евакуација**

Планот за евакуација се изработува врз основа на Законот за безбедност и здравје при работа ( Сл.весник на РМ бр. 92/07), Законот за Управување со кризи („Сл. весник на Република Македонија (бр.29/2005 и 36/2011), Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04,49/04, 86/08, 124/10 и 18/11) и точка 1.3.1.1 и дел план 1. Евакуација од Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на Заштитата и спасување (Сл. Весник на РМ бр.76/06).

Планот по мерката за евакуација опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на мерката евакуација.

Евакуација во Општина Радовиш се превзема во случај на техничко-технолошки катастрофи во процесот на вршење на дејноста или природни и др. непогоди, а со цел да се обезбеди планско, организирано и контролирано преместување на вработените и останати лица кои во тој момент се затекнале во просториите на општината, од потенцијално загрозени или веќе зафатени области-подрачја во помалку загрозени или потполно безбедни објекти-подрачја.

Планот се работи и на карта со потребни шеми и прегледи.

Евакуација може да се изврши пред настанување на опасноста (навремена) или по појава на опасноста. За успешно извршување на евакуацијата, потребно е да се ангажират сите вработени во општината.

Планот е изработен од лице задолжено за областа заштита и спасување, кој е задолжен за чување и спроведување на планот, а во отсуство, пристап до планот имат раководните лица на општината односно Раководител на одделение за општи и јавни дејности,Секретар и Градоначалник на општина Радовиш.
Планот се ажурира постојано, најмалку еднаш годишно, по потреба и почесто.

2. **ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ**

Во функција на превенција се превземаат следниве мерки:

- Изработка и ажурирање на плански документи
- Запознавање со планот за евакуација, одговорноста и ставање на располагање на лицето/та одредени за евакуција

**Извршител:** Ракувач со План за ЗС

- Утврдување средства, сигнал и постапка за тревожење

Сигналот за евакуација се дава со ѕвонење долго испрекинато и усно со сигнал ТРЕВОГА-ЕВАКУАЦИЈА

**Извршител:** Служба за обезбедување или вработен кој прв го воочи

**УТВРДЕНИ ПАТИШТА ЗА ЕВАКУАЦИЈА ВО ОБЈЕКТОТ**

**Приземје**

Од простории на Управа за матични книги-Радовиш,просторија на служба за обезбедување и подрумски простории, евакуацијата е кон главен излез (Излез 1) до собирно место

Од канцеларии на подрачните служби на ЦУК,ДЗС,Министерство за Одбрана, ЈПДП, канцеларии на ЕЛС, кон втор излез (Излез 2) до собирно место

**I Кат**

Од сите канцеларии на катот и пријавница преку скали кон главен излез и до собирно место

**II Кат**

Од сите канцеларии (на ЕЛС и подрачни служби) лево и десно од катот и скали до главен излез и собирно место

**Шема за евакуација во зграда на ЕЛС Општина Радовиш –Приземје, 1 и 2 кат**


ШЕМА ЗА ЕВАКУАЦИЈА ВО ЗГРАДА НА ОПШТИНА РАДОВИШ Радовиш - Приземје
192- ПОЛИЦИЈА
193 - ППЕ
194 - БРЗА ПОМОШ
195- ЦУК
ЛЕГЕНДА
Планот е тука
Правец на евакуација
ПП апарат
Хидрант
Сандуче за прва помош
Правец кон собирно место
Собирно место


ШЕМА ЗА ЕВАКУАЦИЈА ВО ЗГРАДА НА ОПШТИНА РАДОВИШ Радовиш - 1 Кат
192- ПОЛИЦИЈА
193 - ППЕ
194 - БРЗА ПОМОШ
195- ЦУК
ЛЕГЕНДА
Планот е тука
Правец на евакуација
ПП апарат
Н
Хидрант
Сандуче за прва помош
Правец кон собирно место
С
Собирно место


ШЕМА ЗА ЕВАКУАЦИЈА ВО ЗГРАДА НА ОПШТИНА РАДОВИШ Радовиш - 2 Кат
ЛЕГЕНДА
Планот е тука
Правец на евакуација
ПП апарат
Хидрант
Сандуче за прва помош
Правец кон собирно место
Собирно место
192- ПОЛИЦИЈА
193 - ППЕ
194 - БРЗА ПОМОШ
195- ЦУК

**Напомена:**

Патиштата и правците за евакуација со зелени стрелки се прикажуваат и на шемата која е во прилог на планот и истите се поставени на видни места во ходниците. Имено, имаме само два излеза од објектот и нема надворешни противпожарни скали .

Прозорците на приземје можат да се користат како можни излези за евакуација во екстремни случаи.

Доколку се затекне некој во празните простории ке ги користи наведените правци за тој кат.

- Вработените се запознаени со постапката за евакуација, патишта и правци за евакуација
- Поставени се Шеми за евакуација во зградата на Општина Радовиш на видни места
- Изведување на практични вежби на вработените согласно планот за евакуација треба да се изведува најмалку еднаш во две години, согласно Закон за безбедност и здравје при работа
- Одржување на проодноста на патишта за евакуација

  Патиштата за евакуација се одржуваат секогаш проодни и во нивна близина се забранува складирање на лесно запаливи материјали
- Склучување на потребни договори согласно Закон за заштита и спасување и Закон за безбедност и здравје при работа
- Обука на одреден број на работници за евакуација и спасување (по еден на 20 вработени) согласно Законот за безбедност и здравје при работа

**Извршител:** Градоначалник на општина Радовиш

## 3. ОПЕРАТИВНИ МЕРКИ (Стандардна оперативна процедура)

Во функција на оперативните мерки се превземаат следниве активности:

а) Мерки и активности кои се превземаат во случај на непосредна опасност

- Прибирање на податоци за можна опасност

- Проверка на исправноста на потребните технички средства

- Евакуација на вработени пред настанување на опасноста се изведува доколку постои потенцијална можност за прелевање на опасност од соседен објект или појава на несреќа на ист објект, а текот на настанот е таков да е неопходна евакуација за да се навремено спасат вработените и затекнатите лица во објектот

**Извршител**: Лицето/та задолжени за спроведување на евакуација

б) Мерки и активности кои се превземаат за време на опасноста

- Известување и евакуација

По дојава на настаната опасност веднаш се дава сигнал за опасност-Евакуација. Лицето/та задолжени за спроведување на евакуација ги превземат неопходните мерки за изведување на евакуација на сите вработени и лица затекнати, пружање помош, давање упатства и последен го напушта местото. Вработените и другите затекнати лица потребно е присебно, во најголем ред и без паника да ги напуштаат загрозените места

- На местото за прифат се врши проверка на бројот (присутноста) на вработените со цел да се види дали сите се евакуирани (за да не остане некој во загрозените објекти)

- Прифат на евакуирани лица и давање на прва медицинска помош

**Извршители**: Лицето/та задолжени за спроведување на евакуација и лицата вработени кои имат обука за давање прва помош до доаѓање на ИМП

- Исклучување на електрична енергија во објектот

- Физичко обезбедување на објектот

**Извршител**: Служба за безбедност на институцијата

- Барање на помош-известување до итни служби

  - Полиција на тел. 192
  - Територијална противпожарана единица на тел. 193
  - Брза помош на тел. 194
  - Известување за инциндентот,настанот или несреќата до РЦУК на бројот 112

**Извршител:** Служба за безбедност на институцијата и вработени

в) Мерки и активности кои се превземаат по завршување на евакуацијата

- Воспоставување на нормалниот работен процес

- Анализа на спроведувањето на евакуацијата

Рок: 4 часа од завршување на евакуацијата

**Извршител:** Градоначалник на општина Радовиш

- Доставување извештај од анализата до подрачно одделение за заштита и спасување – Радовиш

Рок: 2 дена од завшување на евакуацијата

**Извршител**: Градоначалник на општина Радовиш

**Забелешка:** Според Закон за безбедност при работа, лица задолжени за евакуација е должен да постави работодавачот ,односно Градоначалник на општина Радовиш.

**Преглед на број на лица предвидени за евакуација (варијабилен)**

| Ред. бр. | Категорија на лица | Број на лица | | Место на собирање | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Општинска администрација, Помошно-технички персонал | Зграда на ЕЛС | 64 | Паркинг простор пред и зад објект на ЕЛС | |
| 2. | Подрачни служби | Зграда на ЕЛС | 41 | Паркинг простор пред и зад објект на ЕЛС | |
| 3. | Присутни граѓани (затекнати лица во простории) | Зграда на ЕЛС | 20 | Паркинг простор пред и зад објект на ЕЛС | |
| | **Вкупно** | | **125** | | |

**Преглед на собирни места**

| Ред. бр | Место |
|---|---|
| 1. | - паркинг простор покрај влезовите (пред објект на ЕЛС)<br>- паркинг простор од  задна страна на објектот |

**Преглед на материјални добра кои се евакуираат**

| **Ред бр.** | **Материјални добра кои се евакуираат (заштитуват)** | **Количина** | **Кој ги евакуира** | **Каде се евакуираат** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Документи | Само оние со посебна вредност | Лица за евакуација, вработени | Паркинг простор пред и зад објект на ЕЛС | обвска на служби за архивско работење и останати |
| 2. | Службени возила (дислокација од паркинг простор) | 5 | Лица за евакуација, вработени | Паркинг простор пред и зад објект на ЕЛС | |
| 3. | Друга техника (службен фотоапарат и др.) | Оние со посебна вредност | Лица за евакуација, вработени | Паркинг простор пред и зад објект на ЕЛС | |

## 1.3.1 ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ

**С О Д Р Ж И Н А**

1. Потсетник за употребата на Планот за заштита и спасување од пожари

2. Превентивни мерки за заштита и спасување од пожари

3. Оперативни мерки за заштита и спасување од пожари

( Стандардна оперативна процедура )

4. Преглед на потенцијалните зони на пожар

5. Преглед на единици и други сили и поединци за заштита од пожар

6. Преглед на формациски и приручни средства за гаснење на пожар

7. План (шема) за ЗС од пожари со постапка на поединци во случај на пожар

**1.Потсетник за употреба на Планот за ЗС од пожари**

Планот за ЗС од пожари при ЕЛС Општина Радовиш е наменет за ефикасно превентивно и оперативно дејствување во заштита и спасување од пожари. Планот е изработен врз реални факти и показатели. Податоците во Планот треба да се ажурираат континуирано, најмалку еднаш годишно, а по потреба и почесто односно веднаш .

Планот се изработува врз основа на Член 8 од Законот за Управување со кризи („Сл. весник на Република Македонија (бр.29/2005 и 36/2011) Законот за заштита и спасување (“Сл.Весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11 ), а согласно истиот и Методологијата за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Сл. весник на РМ бр. 76/06) како и Законот за безбедност и здравје при работа (Сл. Весник на РМ бр. 92/07).

Планот се чува во просторија и на место достапно до лицата овластени за негова употреба, така да во случај на потреба може веднаш да се пристапи кон негово активирање и спроведување, односно во просторијата на изработувачот, кој е одговорно лице за негово чување, а во негово отсуство раководниот кадар.

Во нормални околности со Планот ракува лицето задолжено за заштита и спасување односно безбедност и здравје при работа.

Податоците од променлив карактер (имиња, количини, средства и друго) кои се внесуваат во прегледите и табелите може да се внесуваат и со молив.

**2. Превентивни мерки за заштита и спасување од пожари**

**2.1** Вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа.

Се преземаат следниве активности:

**а.** Ажуририрање и дополнување на планските документи

**б.** Набавка, контрола, одржување и сервисирање на МТС и опрема за гасење и заштита од пожари

**в.** Придржување кон законските одредби кои ја регулираат областа за заштита и спасување од пожари пред се:

- Законот за заштита и спасување од пожари дел за ППЗ
- Подзаконски акти кои произлегуваат од овој закон а се однесуваат на ПП апаратите, хидрантите и другата ПП опрема и
средства за гасење на пожари, односно уредите и инсталациите за заштита од пожари,
- Закон за безбедност и здравје при работа

**г.** Соодветна обука на вработените за заштита од пожари (по 1 на 20 лица)

**д.** Истакнување на видливи места на знаци и натписи за:

- предупредување за можни опасности
- постапка во случај на опасност

**ѓ.** Редовна контрола на поставеноста и исправноста на ПП апаратите од страна на задолжената служба

**е.** Редовно сервисирање и проверка на исправноста на ПП апаратите од страна на овластено правно лице

**ж.**Редовно одржување, сервисирање и испитување на уредите и инсталациите за откривање и гасење на пожари (доколку ги има) – кај овластено правно лице.

**з.** Проверка на исправност, комплетност и притисок кај хидранти.

**ѕ.** Редовна дератизација на просториите каде глодари можат да дојдат во допир со кабли со струја.

Наведените и други потребни активности се вршат согласно План-распоред за одржување, контрола, испитување и сервисирање на опрема и инсталации.

**Извршител:** Градоначалник на општина Радовиш односно лицето кое ќе биде поставено, треба да биде обучено-оспособено од областа на противпожарната заштита во овластена институција

**2.2. Уредување на површините и објектите во функција на заштита и спасување**

При изработка на проекти и при изградба и реконструкција на објекти мерките за ЗП се применети врз основа на нормативите и стандардите за системот за заштита и спасување и стандартите и нормативите за уредување на просторот

а) Обезбедување противпожарни пречки

б) Вградување на потребна громобранска инсталација

в) Вградување на потребна инсталација за заземјување

г) Запознавање на нормативи при вградување на резервоари и инсталации со запаливи течности и гасови

д) Запознавање на нормативи при вградување на електрична инсталација

ѓ) Вградување на уреди и инсталации за откривање и гасење пожари

**2.3 Воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување од пожари**

а) Одредување едно или повеќе стручни лица за безбедност, согласно Законот за безбедност и здравје при работа

б) Одредување доволен број оспособени лица од редот на вработените кои ќе можат ефикасно да реагират во случај на појава на пожар

в) Одредување начин на тревожење и известување на вработените.

г) Поставување табли–натписи со известување за начинот за тревожење и предвидената постапка за во случај на пожар.

(Истите се поставени на видни места, заедно со таблите за евакуација)

**Извршител:** Градоначалник на општина Радовиш

**3. ОПЕРАТИВНИ МЕРКИ (Стандардна оперативна процедура)**

**3.1. Активности и мерки во случај на непосредна опасност**

а) Прибирање податоци за можната опасност и засилено набљудување на објектите и површините

б) Ажурирање и доградување на планските документи

в) По потреба обезбедување дополнителни материјални ресури

г) Проверка на исправноста на опремата, средствата и инсталациите за заштита од пожари

**3.2. Активности и мерки за време на траење на опасноста-пожарот**

а) Навремено тревожење на вработените - долго испрекинато звонење

б) Вработените кои ќе се затечат на местото на пожарот веднаш пристапуваат кон гасење на пожарот со ПП апарати, хидранти и други формациски и прирачни средства

в) Прекинување на доводот на струја (главна склопка,трафостаница)

**Извршител:** Градоначалник на општина Радовиш
(сите вработени кои можат да помогнат)

г) Повикување на територијалната противпожарна единица (тел. 193 )

д) Евакуација на вработените и другите присутни, корисници на услуги и други) до безбедно место.

- Се врши согласно Планот за евакуација

ѓ) Разместување и евакуирање на материјални добра кои можат да бидат загрозени со ширење на пожарот, согласно План за евакуација

е) Укажување прва медицинска помош на повредени, изгорени и затруени со чад и преземање натамошна постапка за нивно згрижување во здравствени установи

**Извршител:** Градоначалник на општина Радовиш
(сите вработени кои можат да помогнат)
**Возила:** Противпожарна единица ТППЕ Радовиш,ИМП

ж) Обезбедување дотур на вода
Дотур на вода за гасење ќе се врши преку хидранти,водоводна инсталација и противпожарни возила

з) Отстранување на леснозапаливи предмети и материјали

**Извршител**: Сите вработени кои можат да помогнат
**Возила:** Противпожарна единица ТППЕ Радовиш

ѕ) Доставување известување до Центар за управување со кризи за настанот, последиците и преземените мерки /тел. Е-112

**Извршител**: Градоначалник на општина Радовиш

**3.3. Мерки за отстранување на последиците**

а) Санација на објектите и површините зафатени од пожар

б) Анализа на спроведувањето на евакуацијата

**Извршител**: Градоначалник на општина Радовиш
Рок : 4 часа по завршување на активноста

в)Доставување извештај за спроведување на евакуацијата до Подрачно одделение за заштита и спасување

**Извршител**: Градоначалник на општина Радовиш
Рок: 2 дена по завршување на активноста

г) Процена на штетите и последиците од пожарот и доставување на извештај за утврдената штета до комисијата што ја формира Владата на РСМ

**Извршител**: Градоначалник на општина Радовиш,
Комисија формирана од ЕЛС Општина Радовиш

Почеток на активноста: Веднаш
Рок за завршување: 60 дена

д) Доставување на извештај за утврдената штета од Комисија што ја формира Владата на РСМ.

**Извршител:** Комисија формирана од ЕЛС Општина Радовиш
Рок: 30 дена

**Преглед на потенцијалните објекти, постројки и апарати за предизвикување на пожар**

| **Ред. бр.** | **Локација** | **Вид на запалив материјал , постројки или предмети кои можат да предизвикаат пожар** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| 1. | Сите простории | Неисправна електрична инсталција | |
| 2. | Сите простории | Грејни тела | |
| 3. | Кујна | Електрични апарати | |
| 4. | Сите простории | Временски непогоди – Гром | |
| 5. | Сите простории | Човечко невнимание | |

**Преглед на единици и други сили и поединци за заштита од пожар**

| **Назив (единица, поединец)** | **Број на припадници** | **Степен на обученост** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| ТППЕ Радовиш | 17 | Професионална | |

**Преглед на формациски и прирачни средства за ЗС од пожари**

| **Објект** | **Назив на средство** | **Количина – Број** | **Каде е сместено средството** |
|---|---|---|---|
| Објект на ЕЛС Општина Радовиш | ПП апарат ($CO_2$,S-9,S-6) | 14 | **Приземје-** веднаш до влезна врата на влез 1 и влез 2<br>**Кат 1-**до хидрант и во кујна<br>**Кат 2-** десно од скали, десно во ходник, лево до врата од ходник и до Сала на Совет на општина |
| | Хидрант | 5 | **Приземје-** веднаш до пријавница и спроти влез 2<br>**Кат 1-**<br>до сензорна врата за влез<br>**Кат 2-**<br>десно од скали и десно во ходник |

## 1.3.1 ПЛАН ЗА ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

### С О Д Р Ж И Н А

1. Потсетник за употреба на Планот за прва медицинска помош
2. Превентивни мерки
3. Оперативни мерки (стандардна оперативна процедура)
4. Преглед на собирните места за прифаќање на повредените начинот и правците на нивна евакуација
5. Расположиви количини на лекови и друг санитетски материјал
6. Преглед на единици и поединци обучени за давање на прва помош

1. **Потсетник за употреба на Планот за прва медицинска помош**

Планот за прва медицинска помош е изработен согласно Член 8 од Законот за Управување со кризи („Сл. весник на Република Македонија (бр.29/2005 и 36/2011) и Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11) и Законот за безбедност и здравје при работа (Сл. Весник на РМ бр. 92/07).

Планот за прва медицинска помош при ЕЛС Општина Радовиш е наменет за ефикасно превентивно и оперативно дејствување за пружање прва медицинска помош, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи. Планот е изработен врз реални факти и показатели. Податоците во Планот треба да се ажурираат континуирано, најмалку еднаш годишно, а по потреба и почесто односно веднаш. Планот се чува во просторија и на место достапно до лицата овластени за негова употреба, така што во случај на потреба може веднаш да се пристапи кон негово активирање и спроведување. Со Планот ракува лицето задолжено за заштита и спасување, односно безбедност и здравје при работа. Планот за прва медицинска помош се чува во просторијата на изработувачот, а во негово отсуство раководниот персонал.
Доколку потребата од пружење прва медицинска помош и тријажа е зголемена, тогаш може да бидат повикани и вклучени членови од општинскиот Црвен Крст.
Податоците од променлив карактер (имиња, броеви, количини и друго) во табелите и прегледите може да се внесуваат и со молив.

**2. Превентивни мерки**

Се преземаат навремено и континуирано заради ефикасно спроведување во случај на активирање на оперативните мерки.

а) Обезбедување обука на потребен број вработени за давање прва медицинска помош, согласно Законот за безбедност и здравје при работа (по еден на 20 вработени) и одржувањена вежби

б) Обезбедување неопходни количини на санитетски средства, лекови и помагала и нивно одржување во исправна состојба, односно рок на траење

в) Определување собирни места за повредени

г) Склучување на потребни договори утврдени со Законот за ЗС

**Извршител**: Градоначалник на општина Радовиш

3. **Оперативни мерки (стандардна оперативна процедура)**

а) Сите повредени веднаш се пренесуваат до собирните места. Доколку е можна прва помош им се пружа на самото место на повредување до доаѓање на ИМП. Повредените се пренесуваат по патиштата предвидени за евакуација

б ) Пружање прва помош на собирното место

**Извршители**: вработени оспособени за ПМП,сите вработени,Црвен Крст

в) Во акцијата за пренесување на повредените се користат и прирачни средства кои во моментот може да се искористат при носење на раце и возила. Се овозможува пристап до лековите, санитетскиот материјал и другите формациски и прирачни средства.
Клучевите од службени моторните возила се наоѓат кај возачите.

г) Повикување итна помош - 194.

д) Превезување на повредените до медицински установи (брза помош и ургентен центар, односно, хирургија)

**Извршители** : Возачи со службени возила и Црвен Крст Радовиш
Возила на ИМП

ѓ) По завршување на активностите, врз основа на водената евиденција за истата, раководниот персонал во рок од четири часа го анализира давањето на првата медицинска помош

е) Доставување известување до Подрачно одделение на ЦУК за настанот, последиците и за преземените мерки

ж) Доставување извештај за спроведување на првата медицинска помош до Подрачно одделение на ДЗС.

**Извршители**: Градоначалник на општина Радовиш
Рок: 2 дена по завршување на активностите

**Преглед на собирни места за прифаќање на повредените**

| **Собирно место** | **Резервно собирно место (во случај на оштетување на собирното место)** | **Објекти од кои се прифаќаат повредените** | **Правец на евакуација** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|
| Паркинг простор пред и зад објект (зграда) на Општина Радовиш | -СРЦ „25Мај”<br>-Црква „СветаТројца”,<br>-паркинг простор до црквата | Сите објекти | според шема за евакуација | |

**Расположиви количини на лекови и друг медицински материјал**

| Медицински материјал | Количина | Локација | Забелешка |
|---|---|---|---|
| Завој | 10 парчиња | Сандаче за прва помош | Објектот на ЕЛС Општина Радовиш не располага со сандаче за прва помош, кое треба да биде поставено на 1 кат кон скалило |
| Јод | 1 шише | Сандаче за прва помош | |
| Медицински ракавици | 100 пара | Сандаче за прва помош | |

**Преглед на единици и поединци (вработен) обучени за прва помош**

| Назив/име | Број на припадници | Обученост | Забелешка |
|---|---|---|---|
| Марија Сарамандова | поединец | основна | |
| Добринка Стефанова | поединец | основна | |
| Боре Димитриев | поединец | основна | |
| Реџеп Шакири | поединец | основна | |
| Виктор Конзулов | поединец | основна | |

Овој план влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Радовиш”.

Број 08-797/2
Дата 27.04.2023 година
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Заменик Претседател
Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за определување на одговорно лице на медицинска екипа и негов заменик за укажување на медицинска помош на повредените лица во пожар

Ја прогласувам и објавувам одлуката за определување на одговорно лице на медицинска екипа и негов заменик за укажување на медицинска помош на повредените лица во пожар, бр.08-798/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 27.04.2023 година.

Број 09-798/2 Градоначалник
Дата 03.05.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), и член 21 од Статутот на општина Радовиш (Сл. гласник на општина Радовиш бр. 05/02), согласно член 31 од Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19), по Известување бр. 09-25/2 од 07.04.2023 година од Дирекција за заштита и спасување, Сектор за оператива и логистика,

Советот на Општина Радовиш на XXVIII седница одржана на 27.04.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
за определување на одговорно лице на медицинска екипа и негов заменик за укажување на медицинска помош на повредените лица во пожар

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува одговорно лице на медицинска екипа и негов заменик за укажување на медицинска помош на повредените лица во пожар.

**Член 2**

Одговорно лице на медицинска екипа од член 1 на оваа одлука , согласно допис од ЈЗУ Здравствен Дом Радовиш бр.03-202/2 од 12.04.2023 година е:

- **Д-р Габриела Јованова –** вработена во ИТНА Медицинка помош и домашно лекување при ЈЗУ Здравствен Дом Радовиш

**и заменик**:

- **Д-р Хамди Ејубоглу** - вработен во ИТНА Медицинка помош и домашно лекување при ЈЗУ Здравствен Дом Радовиш

Со мандат од 3 (три) години, сметано од денот на изборот.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке биде објавена во „Службен гласник на Општина Радовиш”.

Број 08-798/1 Совет на општина Радовиш
Дата 27.04.2023 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
за прогласување и објавување
на Одлука за усвојување на информација од доставена Завршна сметка за 2022 год. од Здружение на граѓани Женски фудбалски клуб Плачковица Радовиш

Ја прогласувам и објавувам одлуката за усвојување на информација од доставена Завршна сметка за 2022 година од Здружение на граѓани Женски фудбалски клуб Плачковица Радовиш, бр.08-799/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 27.04.2023 година.

Број 09-799/2 Градоначалник
Дата 03.05.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XXVIII седница одржана на 27.04.2023 година донесе:

ОДЛУКА
за усвојување на информација од доставена Завршна сметка за 2022 год. од Здружение на граѓани Женски фудбалски клуб Плачковица Радовиш

Член 1
Со оваа Одлука се усвојува информација од доставена Завршна сметка за 2022 год. од Здружение на граѓани Женски фудбалски клуб Плачковица Радовиш
бр.14-675/1 од 29.03.2023 година.

Член 2
Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Службен гласник на општина Радовиш”.

Број 08-799/1 Совет на општина Радовиш
Дата 27.04.2023 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
за прогласување и објавување
на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Центар за развој на Југоисточен плански регион за 2022 година

Го прогласувам и објавувам заклучокот за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Центар за развој на Југоисточен плански регион за 2022 година, бр.08-800/1

што советот на Општина Радовиш го донесе на седница одржана на 27.04.2023 година.

Број 09-800/2 Градоначалник
Дата 03.05.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 22, член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) а согласно член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XXVIII седница одржана на 27.04.2023 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Центар за развој на Југоисточен плански регион за 2022 година

I. Се усвојува Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Центар за развој на Југоисточен плански регион за 2022 година бр.01-135/1 од 24.03.2023 година, бр.08-763/1 од 18.04.2023 година.

II. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-800/1 Совет на општина Радовиш
Дата 27.04.2023 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
